**Која беше причината што јас станав наставник?**

Во животот секогаш има пречки. Кај некои луѓе тие се помали, а кај некои поголеми.

Во моето село училиштето беше само до четврто одделение. За да продолжам во петто одделение и до осмо требаше да одам во едно друго село кое беше оддалечено околу 7 километри во еден правец. Не беше тешко да пешачам толку километри кога времето веше убаво, но потешко беше есента и зимата.

Не бев сам. Таа година бевме 20 ученици кои решивме да го продолжиме школувањето. Јас бев млад, но додека бев во основно училиште, почина татко ми, а во осмо одделение ја загубив и мајка ми и ние 8 деца останавме без родители. Тогаш навистина бев осамено дете и бев измачен од животот.

Додека бев на село требаше да се трудам многу да помагам во секојдневните работи во домот. Работи кои беа навистина тешки, но се гордеев со педантноста на моите наставници кои секојдневно нѐ учеа, ни раскажуваа, нѐ воспитуваа велејќи ни дека без учење човек во животот секогаш ќе биде патеник и нема да може да ги остварува своите идеи за подобар живот, а од друга страна, пак нашите деца не ќе можат да се школуваат како нас, бидејќи тие, како постари учители, нема да бидат живи со векови.

Сиромаштијата го чинеше своето. Ако некому посакав да му кажам нешто за животот, не ме разбираше; можеби тие имаа подобри услови.

Јас уште како дете почнав да пишувам стихотворби од по два стиха, кратки текстови за настаните од секојдневниот живот и за мојот наставник.

По завршувањето на основното образование се преселивме во Скопје. Купивме една стара куќа. Имавме покрив над главата, но ниту еден од нас не беше вработен. Заедно со мојот брат преку денот работевме секаква работа,

растоварање јаглен, даски, дрва и други работи од вагоните на возовите во старата железничка станица.

Дојде септември и јас се запишав во Училиштето за средно образование „Зеф Љуш Марку“ во Скопје. Во себе чувствував желба за учење и пишување.

Започна првата година, но јас немав пари за книги. Учев и работев. Со заработените пари купував книги, тетратки и други работи кои ми беа потребни; и учев од книгите, одев во библиотека каде што читав книги кои беа стручни за насоката за која се определив.

Се определив да бидам наставник и да го заменам мојот никогаш заборавен наставник од моето детство. Се решив да го терам до крај аманетот на мојот учител. Слични на него беа и моите професори во средното училиште, но мојата професорка по француски јазик беше најмилата, најдобрата и најхуманата. Таа нејзината хуманост и добрина ја споделуваше со сите нас. Нè учеше како треба да се сакаат луѓето, да си помагаат меѓусебно кога им е најтешко. Сите нејзини зборови станаа и дел од мојот живот.

Реџеп Раими,
одделенски наставник во ОУ „26 Јули“, во Скопје